Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 325/0306
06.12 20 22 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 28-ми ноември 2022 година, врз основа на примена жалба од Коалиција „Сексуални и здравствени права на маргинализирани заедници“ Маргини - Скопје, го донесе следното:

# М И С Л Е Њ Е

**Текстот на интернет – порталот „Курир.мк“, насловен „Официјално: Белгија забранува на промена на родов идентитет“, отстапува од професионалните и етички стандарди.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

**ЖАЛБА**

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на 18-ти ноември 2022 година, Коалиција „Сексуални и здравствени права на маргинализирани заедници“ Маргини - Скопје, поднесе жалба за текстот со наслов „Официјално: Белгија забранува на промена на родов идентитет“, објавен на 17-ти ноември 2022 година на интернет – порталот „Курир.мк“ (www.kurir.mk).

Во жалбата се наведува дека оспорениот текст содржи неточно и нефер известување и дискриминација, односно дека Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членовите 1 и 10.

Дополнително, жалителот нагласува дека од самиот наслов се заклучува дека Белгија ја забранува терапијата за транзиција за транс лицата со која се усогласува родовиот идентитет, како хормони и хируршки зафати. Но, од друга страна, како што забележуваат од „Маргини“, од текстот, најверојатно преземен од друг извор, може да се заклучи дека станува збор за забрана на конверзиона терапија.

Жалителот смета дека порталот „Курир“ намерно манипулира со насловот на веста со цел да создаде слика дека дури и западно-европски земји забрануваат медицинско прилагодување на родот, со што се креира слика кај читателите дека тоа е непожелно и ненормално и се поттикнува дискриминација кон трансродовите лица. Веста, според „Маргини“ значи унапредување на правата на ЛГБТИ луѓето, а манипулативно е прикажана како ограничување на правата со цел да се создаде дискриминаторска и непријателка средина за трансродовите луѓе.

Оттука, жалителот посочува дека во Белгија станува збор за забрана на конверзионата терапија, а не обратно, за забрана на медицинското прилагодување на родот.

Во однос на самата конверзиона терапија, од „Маргини“ појаснуваат дека таа подразбира различен тип на пракси кои имаат за цел да ја променат или потиснат нехетеросексуалната ориентација или нехетеронормативниот родов идентитет на една личност и почива на идеја дека сексуалноста и родот се избор или ментална болест, тренд, резултат на неправилен социјален развој и сл.

*„Голем број светски, стручни и релевантни водечки институции кои се однесуваат на човековото физичко, ментално и емоционално здравје веќе пет децении ја отфрлаат идејата дека нехетеронормативните идентитети се болест и нешто што треба или може да се смени, и се категорично против конверзионата терапија сметајќи ја за неетичка и штетна“,* се наведува во жалбата поднесена од Коалиција „Сексуални и здравствени права на маргинализирани заедници“ Маргини – Скопје, од каде посочуваат и на официјален став на Европската асоцијација на психотерапевти, според која „сексуалната

ориентација не може да биде сменета“ и оти следствено на тоа, ниту еден „одговорен психотерапевт“ нема да се обиде да го преобрати својот клиент од хомосексуалност во хетеросексуалност.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со интернет – порталот „Курир.мк“ и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

Медиумот не одговори на наводите на жалителот.

## МИСЛЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА** и едногласно оцени дека во текстот на „Курир.мк“ е прекршен член 1 од Кодексот на новинарите на Македонија.

***Член 1:*** *„Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. До колку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно“.*

Комисијата за жалби не најде доволно елементи дека во текстот има повреда и на член 10 од Кодексот на новинарите, на кој упатува жалителот.

*****При изготвувањето на мислењето, Комисијата за жалби констатираше дека интернет – порталот „Курир.мк“ не е член на Советот за етика во медиумите и на регистарот на професионални онлајн медиуми.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО

На седницата на 28-ми ноември 2022 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во спорната содржина.

Се работи за кратка агенциска вест, која најверојатно потекнува од странски медиум. Текстот е пренесен без да се наведе изворот на информацијата.

Комисијата заклучи дека насловот е манипулативен и наведувачки и оти воопшто не соодветствува со содржината на веста. Насловот на „Курир“ упатува на тоа дека белгиската влада забранува промена на родов идентитет во земјата, што е целосно и суштински спротивно од содржината во самиот текст.

Од самиот текст станува јасно дека не се работи за забрана за промена на родовиот идентитет, како што стои во насловот, туку за забрана на терапија наменета за промена или потиснување на нехетеросексуалната ориентација, што е сосема различно едно од друго. Во основа, информацијата претендира кон унапредување, а не кон ограничување на правата на припадниците на ЛГБТИ заедницата, како што е наведено во насловот.

Комисијата не можеше јасно да утврди дали вака пренесената вест е резултат на незнаење и неупатеност или на намерна манипулација од страна на медиумот. Генерална оценка на членовите на Комисијата е дека новинарот што ја пласирал веста погрешно ги интерпретирал информациите и фактите, што секако, не го ослободува од одговорност. Тоа е спротивно на **член 1** од Кодексот на новинарите, во делот дека проверката на податоците и точноста се морални императиви на новинарството и оти насловот мора да одговара на неговата содржина.

Во оваа насока упатуваат и насоките за етичко известување на онлајн медиумите, кои треба да известуваат само врз основа на факти чие потекло му е познато на новинарот, повикувајќи се на различни извори на информации и, по правило, потпирајќи се на јасно идентификувани и веродостојни извори. Во овој контекст, медиумите треба да настојуваат секогаш да го наведат изворот на информацијата со конкретно и прецизно упатување на тој извор.

Онлајн медиумите нема да објавуваат неточни, пристрасни или манипулативно обликувани текстови, фотографии или други содржини со кои читателите намерно се доведуваат во заблуда. При користењето информации добиени од социјалните мрежи, од веб-страници, блогови или други извори на интернет, онлајн медиумите внимателно ќе ја проверат нивната веродостојност и кредибилност.

Иако дел од членовите на Комисијата препознаа индиции, сепак не можеа да утврдат јасна намера кај порталот „Курир.мк“ за да констатираат прекршување на Кодексот на новинарите по основ на дискриминација врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет. Сепак, и во оваа прилика Комисијата потсетува на обврската, инкорпорирана во член 10 од Кодексот на новинарите, кој налага дека новинарот нема свесно да создава, ниту преработува информации што ги загрозуваат човековите права или слободи, нема да говори со јазикот на омразата и нема да поттикнува на насилство и дискриминација по која било основа.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Снежана Трпевска, Ердем Ахмет и Димитар Мицев.

Со почит,

Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595